Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 169/0306
05.11 20 26 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на јавната седница одржана на 29.10.2026 година, врз основа на примена жалба од **Моника Марковска,** ја донесе следнава:

ОДЛУКА

ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА

Текстот на ТВ Тера со наслов **„*Стратегија за развој на женско претприемништво или за измама?*“,** објавен на 30.09.2026 г. на веб страната на медиумот, отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

ЖАЛБА

Жалителката Моника Марковска до СЕММ на 01.10.2026 г., упати жалба за текстот на ТВ Тера со наслов „*Стратегија за развој на женско претприемништво или за измама?*“, објавен на 30.09.2026 г., при што се жали на етички прекршоци како што се: незастапена втора страна, мешање факти и мислења, вест и коментар, пристрасност и неурамнотеженост во информирањето, неточно и нефер известување, непочитување на презумција на невиност и заштита на сведоци.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува дека е „лично именувана и поврзана со наводни измами, „инсајдерски амбиции“, „хируршки прецизни тендери“, „очигледен судир на интереси“ и „мирис на личен профит“.

„Самиот наслов ме поврзува со поимот ‘измама’, иако не е приложен доказ, одлука или наод од надлежен орган дека сум сторила измама, незаконско дејствие или сум влијаела врз јавната набавка. Советот за женско претприемништво е советодавно тело и нема надлежност да подготвува тендерска документација, да определува критериуми, да оценува понуди или да избира економски оператор. Не сум учествувала во подготовката или спроведувањето на јавната набавка, не сум во комисијата и не сум влијаела врз изборот. Здружението ВР ЛАБ учествувало во јавно објавена постапка, но неговата понуда не била избрана, не бил склучен договор и здружението не добило финансиски средства. Самото учество во јавна постапка не претставува противзаконско постапување. Авторот не прави разлика меѓу проверени факти, сомнежи и лични коментари. Изразите „лични апетити“, „добро подмачкана партиска машинерија“, „инсајдерски амбиции“, „мирис на личен профит“, „матна ситуација“ и „скандалозна одлука“ создаваат обвинувачки и пристрасен наратив, без соодветни докази и без фер претставување на мојата страна.“ – тврди жалителката.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и пошироко образложение.

ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети даваталет на медиумска услуга и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок не беше доставен одговор од медиумот на жалбата.

ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот на ТВ Тера со наслов „*Стратегија за развој на женско претприемништво или за измама?*“, објавен на 30.09.2026 г., на веб страната на медиумот отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што се прекршени членовите 1, 2 и 6 од **Кодексот на новинарите на Македонија**.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст во чија содржина се известува за сомневања за можно противзаконито трошење јавни пари, а поврзано со изработка на Стратегија за женско претприемништво при Општина Битола – тема од јавен интерес.

Комисијата го оценуваше текстот на медиумот првенствено од етички аспект во однос на членовите на Кодексот на новинарите на Македонија, при што утврди дека има прекршување на дел од членовите.

Членовите на Комисијата констатираа дека трошењето јавни средства и можниот судир на интереси се прашања од јавен интерес, но дека е важно на кој начин медиумот ги истражува овие прашања. Во конкретниот случај, медиумот тоа го сторил без да ги провери податоците со засегнатите страни: Советот за женско претприемништво, претседателката Марковска, која е и жалителка, Општина Битола и други субјекти.

Притоа, медиумот извлекол наведувачки наслов „*Стратегија за развој на женско претприемништво или за измама?*“, а во текстот се употребени и неколку вредносни квалификации како што се: „инсајдерски амбиции“, „мирис на личен профит“ и „матна ситуација“, што сé заедно сугерира неправилности што не се доволно поткрепени со презентираните информации и факти. Со оглед дека нема наведено ниту еден извор, документ или друга поткрепа, реченицитe се во голема мера шпекулативни, а поставувањето прашалник во насловот не го ослободува медиумот од одговорност за искажаното. Всушност, со употребата на квалификации и инсинуации за можни неправилности, кои не се поткрепени со извори и доволно проверени факти, само се создава впечаток на утврдена одговорност. На тој начин е замаглена јасната разлика меѓу фактите и новинарските претпоставки и оценки.

Поради погоре изречените аргументи Комисијата оцени дека се прекршени членовите 1, 2 и 6 од **Кодексот на новинарите на Македонија**.

Член 1

Новинарот има право на слободен пристап и одговорно користење на сите извори на информации од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни и проверени

информации, нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Прикривањето факти е еднакво со нивното намерно искривување.

Член 2

Новинарот треба да ја провери точноста на информацијата колку што е тоа можно и од меѓусебно неповрзани извори. Новинарот ќе го именува изворот на информациите, а ако изворот бара да остане анонимен, ќе го заштити. Доколку информацијата има еден извор, не може да се потврди или станува збор за претпоставка, тоа треба да се нагласи.

Член 6

Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот. Насловот и визуелизацијата треба да ја одразуваат содржината на новинарскиот производ.

*** * ***

Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Тамара Чаусидис, Снежана Трпевска, Жана Божиновска и Мирче Адамчевски, кои присуствуваа и дискутираа на јавната седница, како и Сефер Тахири кој писмено го поднесе своето мислење.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Тамара Чаусидис

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595